Согласно член 21, 22 и 23 од Законот за работни односи (Сл. весник на Р.Македонија бр. 74/15 ) член 20-г и 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на Р.Македонија бр. 27/16..) член 77-ж од Законот за култура (Сл.весник на Р.Македонија бр. 11/18) член 12 став 2 од Статутот на Националната установа за управување со археолошкиот директорот на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби - Градско донесе:

Република Северна Македонија
Национална установа за управување со археолошкиот локалитет СТОБИ-Градско
Бр. 04-298/10
28.11.2022 год.
ГРАДСКО

**О Д Л У К А**
**за избор на кандитат по објавен јавен оглас број 1/2022**

1. Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби на ден 17.11.2022 год. објави Јавен оглас број 1/2022 (04-298/2 од 16.11.2022 год.) за вработување на 1 (еден) извршител – помошно – техничко лице на **неопределено време.**

2. За извршител на огласеното работно место се избира:

- за работно место бр.1: **Хигиеничар со шифра на работно место КУЛ 04 01 Б03 001 – Помошно – техничка служба**

  - Елица Таскова

3. По конечноста на Одлуката за избор да се склучи Договор за вработување на неопределено време.

4. Оваа одлука влегува во правна сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение:**

Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби согласно Годишниот план за вработување за 2022 год. како и добиената согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-9766/2 од 08.11.2022 год. за вработување на неопределено време, установата објави јавен оглас бр.1/2022 за вработување на 1 (еден) извршител – хигиеничар помошно техничко лице. Огласот беше објавен во три дневни весници: Слободен печат, Вечер и Коха.
Комисијата за постапка за вработување формирана со решение на директорот на установата со бр. 04-298/3 од 17.11.2022 год. во врска со распишаниот јавен оглас, изврши проверка дали пријавените кандидати на Јавниот оглас ги исполнуваат општите и посебните услови за работното место за кое се пријавиле па согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за пополнување на работно место во Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби –

Градско преку вработување со бр. 01-264/1 од 31.07.2019 год. усвоен со одлука на Управен одбор со бр. 02-263/4 од 01.08.2019 год. како и Правилникот за вработување на помошно – технички лица во Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби со бр.02-297/4 од 31.10.2022 год. ја спроведи постапката за селекција за вработување која се состои од две фази и тоа: прва фаза проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас, како и втора фаза спроведување на интервју. Од страна на Комисијата изготвен е Записник од извршена административна селекција со бр. 04-298/5 од 24.11.2022 год., Бодување од завршена прва фаза со бр. 04-298/6 од 24.11.2022 год., Записник од спроведено интервју со кандидатот со бр. 04-298/7 од 25.11.2022 год.,Листа на кандидати со кои е спроведено интервјуто со бодување на истите со бр.04-298/8 од 25.11.2022 год.како и Конечна ранг листа на кандидати со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција со бр. 04-298/9 од 25.11.2022 год. со предлог за избор на најуспешните кандидати.

Врз основа на сето ова горенаведено, согласно доставените ранг листи со предлог за избор на кандидати кои имаат освоено најголем број на бодови, директорот на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско донесе Одлука за избор на кандидат по јавен оглас бр. 1/2022 и со истите ќе склучи Договори за вработување на неопределено време.

Стоби, 28.11.2022 год.

Директор

______________________

Спасе Перовски

Археолошки локалитет Стоби, 1420 Градско
Република Северна Македонија
тел. +389 43/25 10 26, факс: +389 43/25 10 50
e-mail: contact@stobi.mk
www.stobi.mk

Archaeological site Stobi, 1420 Gradsko
Republic of North Macedonia
phone: +389 43/25 10 26, fax: +389 43/25 10 50
e-mail: contact@stobi.mk
www.stobi.mk